***З А П И С Н И К***
***од 8- ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 24.04.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12.30 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Мише Милошевски, Моника Петревска, Клара Тодоровска-архитект ангажирана со договор за меѓуопштинска соработка со општина Могила, Тони Петровски, Загорка Милошевска. На седницата присутен претставник на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар беше Пецо Наловски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување Записник од 7-ма седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 9 „за“ без забелешки

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028.
2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој на Пелагонискиот плански регион.
3. Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година.
4. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година.
5. Одлука за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар
6. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата, предложениот дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи да се дополни со точка 5. Одлука за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар, материјали по точката се доставени со седничкиот материјал, дневниот ред беше потпишан кога стигна предлогот од страна на Домот на

културата затоа предлага да се дополни дневениот ред. Советниците немаа забелешки. Други предлози за измени и дополнување на дневниот ред немаше. Со 9 „за“ беше усвоен дневниот ред против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028***

Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028 беше прифатена од Комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС. Во врска со одлуката објаснување имаше претставничката Клара Тодоровска. Советничката Клара Кузмановска побара објаснување какви се бенефитите од фотоволтаиците, пример во Сопотница има поставено фотоволтаици, сопственикот го користи трансформаторот, ако можи да помогни да постави улично осветлување, да има селото некаков бенефит. Дали можи да се постави некако услов кога некој поставува фотоволтаици да даде придонес барем во уличното осветлување. Претставничката Клара Кузмановска објасни фотоволтаиците се приватни инвестиции, бенефит има општината кога наплаќа надомест за комунално уредување, инвеститорот целосно финансира, нема законска основа да се поставува услов некој дополнително да инвестира за населеноето место, тоа може да биди добра воља на инвеститорот да помогне за населеното место. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде имаше таква иницијатива кога се поставуваа фотоволтаиците во Суводол како општествена одговорност да постави улично осветлување на патот до манастирот. Во врска со точката немаше дискусија. Со 6 „за“ и 5 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој на Пелагонискиот плански регион***

Во врска со Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој на Пелагонискиот плански регион објаснување имаше Александра Трајковска. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување зошто се зголемува цената од 13 на 26 денари. Претставничката Александра Трајковска објасни тоа е одлука на Пелагонискиот плански регион. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 2 „воздржани“ и 3 „против“.

***ТОЧКА 3. Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година беше прифатен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување во врска со бројот на заловени кучиња во текстуалниот дел стои 47, а во табеларниот 45. Претставникот Тони

Петровски објасни вкупно се заловени 47 кучиња, 45 се заловени со успивање, а две се фатени со раце. Советничката Валентина Ѓорѓиевска предложи во извештајот да има повеќе подетално објаснување, поединечни цени да биди појасно, со повеќе детали како ќе веруваме како се третирани кучињата исто така да има соработка со активистите. Да не се тера инает да се постапува по пријава, да не се чека. Потоа праша каде треба да се пријави кај ветеринарот или во општината кога има потреба од заловување на куче. Претставникот Тони Петровски објасни за ова се разговараше и на седницата на комисија, потоа објасни секое заловено куче се носи во прифатилиште, се зема крв, крвта се пушта во Скопје, во зависност од резултатите се оди во понатамошно третирање. После оперативниот зафат одат на постоперативно сместување. Зависи третманот може да трае од 7-10 дена. За секое куче има документација, се работи во рамките на можностите. За пријавување можи да се пријави и кај ветеринарот или во општината има меѓусебна координација. Дискусијата беше исцрпена. За извештајот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 4. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година***

За Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше претставничката Моника Петревска. Планот беше прифатен од комисијата за јавни и комунални дејности објасни членот на комисијата Илче Ангелевски, при тоа го изнесе предлогот од комисијата за дополнување на планот и тоа точка 3 (Р1305-Кутретино) крпење дупки наместо 42м2 комисијата предложи 60м2; точка 5 (Р1305 Вардино-Суводол) косење на банкини да се дополни 1500м; точка 15 (Р1305 Сопотница) крпење дупки 40м2; точка 27 (Р29371 Слоештица) косење банкини 4000м; точка 38 (Суводол манастир Св. Богородица) косење банкини 3000м и точка 45 (Радово манастир св.Атанасиј за Сопотница) косење банкини 5000м, исто така на комисијата беше предложено да се дадат рокови за изведба и косењето да се врши три пати во текот на годината. Советничката Валентина Ѓорѓиовска исто член на комисијата додаде овие површини се коселе, а не биле внесени во планот. Советникот Богдан Стојановски истакна и тој имал предлог за точка 27 за косење, но веќе се предложило на комисијата. Советникот Гоце Јончевски предложи во Журче има празни куќи во кој никој не живее да се коси пред нивните куќи нема кој да одржува. Претставничката Моника Петревска објасни планот е за општински патишта улиците низ населените места не се планирани овде, планот е изготвен согласно одлуката за категоризација на општински патишта. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истанка планот е планиран за одржување на општински патишта за косење и крпење на дупки, ова не јавна чистота, ова е друго, но дупките по улиците каде се планирани, улиците кои ги изградила општината треба да ги одржува, затоа ако има можност да се планира крпење на дупки по улиците. Претседателот на советот Никола Дранговски додаде програмата за јавна чистота е само за градот Демир Хисар. Претставникот Пецо Наловски објасни програмата за јавна чистота опфаќа јавни површини, паркови, тротоари, канали, метење улици за тоа има формирано цени, предмер пресметка, затоа

има утврден надомест кој го плаќаат граѓаните на градот Демир Хисар, имал предлог во оваа програма да се планира и рудничка населба во Сопотница, да се прошири програмата, тоа ќе бара и надомест да плаќаат граѓаните кои ќе бидат опфатени, програмата откако е донесена е иста, можи да се прошири, но ќе се прошири и опсегот на наплата. Се коси каде има јавни површини, не се коси пред куќа или во дворови. Советникот Љупчо Најдовски додаде пред куќите е улица, да се прошири планот да се коси 2-3 пати зависно од потребите и да се планира да се коси пред славите во селата. За Журче планирано да се киси до манастирот, селото не е планирано. Претставникот Пецо Наловски додаде ова е план можи да се дополнува, советничката Клара Кузмановска предложи сите села да се планираат, не само селата кои сега ние ги предлагаме тоа да важи за сите села. Предложи да се зголеми вкупната површина за да можат да работат и на други места. Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни нема потреба да се пишува колку пати треба да се коси, нека се коси 3-4 пати и во месец Мај на седницата да имаме извештај колку е сработено и каде се косело, каде се крпеле дупки, кога ќе поминуваат низ селото ќе ја косат и улицата по која ќе поминуваат. Претставникот Пецо Наловски објасни ние го добиваме планот работиме по него, да се коси повеќе пати да се оди со 4 пати косење и да се достави извештај до советот што е сработено и каде. Планот е проекција ако нема налог нема крпење дупки, вработени од општината излегуваат на терен прават увид и планираат каде треба интервенција. Неможи да се коси по улиците низ селото, но кога ќе врви машината низ село нема да има празен од, главната улица ќе се искоси. Советничката Валентина Ѓорѓиовска предложи во Утово да се планира улицата, како што се планира пример низ Кутретино. Претставникот Пецо Наловски објасни таму има две куќи ако почниме така по сите села, не можи да се планираат споредни улици. Се коси главниот пат врска регионален пат -Кутретино и низ селото можи по главната улица. Во Утово е споредна улица. Советничката Клара Кузмановска повторно го отвори прашањето за чистење во куќите каде никој не живее како тоа да се реши. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде се расправаме за косење на банкини, за работа со трактор, како ќе се враќаат луѓето по селата ако нема услови, така се расправавме со улиците години station наназад, сега и овде се расправаме дали било една куќа или две и една куќа да е треба да има основни услови, нема чиста вода за пиење, нема канализација, неможи да се закрпат дупките ќе се разочараат луѓето. Советничката Маја Велеска предложи да се дополни и патот Слепче-Белче 1500 за косење. Претставникот Пецо Наловски објасни тој правец не можи да се планира за косење тој е земјен пат. Советничката Клара Кузмановска апелираше да се коси секаде и ако не е внесено. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесен планот за одржување на општинските патишта.

***ТОЧКА 5. Одлука за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар***

Одлуката за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар беше прифатена од Статутарно правната комисија објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски, на комисијата

немаше забелешки се врши усогласување на статутот со законот. Во врска со одлуката немаше забелешки. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Советникот Љупчо Најдовски имаше прашања до градоначалникот

1.Во врска со камионот за собирање смет на ЈКП „Комуналец“ кој подолго време не е во функција, се зема камион на услуга од други општини тоа не е добро, сигурно и за тоа се плаќа надомест. Предложи да се направи предмер пресметка колку средства се потребни да се изврши поправка на камионот преку советот да му се одобрат средствата, за да не се позајмува камион од други општини.

2. Проблемот со водата на раскрсницата кај Полициската станица, за ова разговарав и со градоналаникот тоа било атмосферска вода. Да се најде решение.

Претставникот Пецо Наловски објасни во врска со првото прашање предлогот е добар ќе се направи предмер пресметка и ќе се достави до советот. Потоа ги информира советниците со проектот за регионалната депонија општината ќе добие за брзо време еден камион за собирање на смет, до јули треба да се добие и друго возило. Во врска со атмосферската вода тоа е посериозен дефект. Тој испуст продолжува под регионалниот пат, но надолу под патот е затворен испустот, зато треба да се бара решение.

Советничката Клара Кузмановска во својата дискусија го изнесе проблемот во детската градинка „Втори Септември“. Има поголем број на деца кои се запишани, има и листа на чекање што никогаш досега не било. Неможат да се прифатат сите деца кои имаат потреба од престој. Треба да се донеси одлука да се ослободат двете простории кои ги користи ОУ„ Гоце Делчев“ исто така и да се вработат две негователки. Се пензионираат се намалува бројот на вработени деца има повеќе вработените се исцрпени, родителите на децата кои се ставени на листа на чекање се нервозни, мора да се најде решение, не е во ред да имаме листа на чекање. Советникот Гоце Јончевски во насока на дискусијата предложи да се вработи потребниот персонал со договор, и да се бара согласност. Советникот Љупчо Најдовски објасни вакви одлуки за давање на две простории да ги користи основното училиште ги донесе предходниот состав на совет и тогаш ги прашавме дали имаат простории кои не ги кориса, никој не го кажаа тоа дека му требаат просториите, исто советот предложи училиштето да покрива дел од трошоците, но и од тоа ништо не се направи. Од наредна година првачињата да се вратат во училиштето да се ослоботат просториите. Советничката Маја Велеска истакна ако треба за наредна година советот нема да даде согласност за користење на просториите. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи да се разговара со директорите на двете институции да се најде решение. Советничката Клара Кузмановска додаде треба да се гледа интересот на децата на граѓаните, не е во ред да се моли за детето да биде згрижено, советничката Марија Ѓоргиовска дополни родителите не можат да одат на работа ако нема кој да го чува детето. Советникот Гоце Јончевски се согласи советот можи да дај подршка за потребата од кадар во градинката, но треба согласност од министерството за финансии таму е проблемот, во училиштето се намалуваат

паралелките помал број на ученици, овде има деца кои чекаат да бидат згрижени треба да се излезе во пресрет, се работи за најмалите.

Советникот Илче Ангелевски потсети да се достави писмен извештај до советот што е сработено, дали е сработено и кога од Планот за патишта.

Советничката Марија Ѓоргиовска праша зошто нема исплата за новороденчиња.

Претставничката Александра Трајковска објасни како има средства така се исплаќа.

Советничката Клара Кузмановска праша зошто не сме известени што се случува во образованите имаше предлог да се затвори гимназистака паралелка.

Александра Трајковска објасни имаше барање од СОУ „Крсте П Мисирков" да остани гимназиската паралелка, исто и од општината имаше барање, се прифати барањето ќе остани гимназиската паралелка.

Советничката Валентина Ѓорѓиовска предложи да се интензивира поставување хоризонтална и вертикална сигнализација.

Советничката Клара Кузмановска праша зошто во извештајот за недвижен имот сопственост на општината нема евидентирано објект во Сопотница.

Претставничката Загорка Милошевска објасни ќе се види ќе се направи корекција.

Советникот Љупчо Најдовски предложи да се постават бандерите во Суводол и да се постави улично осветлување за тоа имаше предходниот состав на совет со одлука одобрено 60.000.

Исто така имаше донесено одлука да се продадат објектите кои се сопсвеност на општината има заинтересирани лица.

Потоа имаше прашање за објекти кои се изградени пред 50 години дел се легализирани дел не, пример првиот спрат не е легализиран само вториот е.

Александра Трајковска објасни имаше донесено заклучок треба да се идаде налог за изведување на работите за поставување на бандери.

Во врска со продажба на објектите претставничката Загорка Милошевска објасни во населените места каде нема урбанистички план неможи да се продадат објектите.

Претставничката Моника Петревска објасни за конкретниот случај имаше постапките за легализација не ги комплетира документите барањето е одбиено. Клара Тодоровска дополнително објасни треба да се провери и во Агенцијата за катастар некаде можи да се среди тоа и преку катастар.

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17-476/2<br>28.05.2026 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Никола Дранговски с.р.